ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ



IV ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА



**МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА**

**- Прирачник за наставници за IV одделение -**

| | |
|---|---|
| **Издавачи:** | Македонски институт за медиуми<br>Ул. „Јуриј Гагарин“, 17/1-1<br>1000 Скопје<br><br>Биро за развој на образованието<br>У. „Руѓер Бошковиќ“, бр. 20<br>1000 Скопје |
| **Уредници:** | Митко Чешларов<br>Ајше Ајрулаи |
| **Автори:** | Марина Димитриева-Ѓорѓиевска<br>Оливера Тодороска<br>Михајло Лахтов<br>Митко Чешларов<br>Ајше Ајрулаи |
| **Стручна редакција:** | Михајло Лахтов<br>Весна Никодиноска |
| **Лектура:** | Виолета Караџовска-Стојанова |
| **Дизајн и техничка обработка:** | Кома дизајн |

Прирачникот е изработен во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ што го спроведуваат ИРЕКС и локалните партнери Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Младинскиот образовен форум, а во соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Поддршката за подготовка на прирачникот е обезбедена од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на прирачникот е одговорност на ИРЕКС и на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IREX



# Вовед

Денес, во време на „новата медиумска реалност", кога младите секојдневно се изложени на огромен број информации, преку традиционалните, а особено преку дигиталните медиумски платформи и технологии, неопходно е, преку образованието, во училиштето, тие да стекнат знаења и вештини за критичко преиспитување на медиумските содржини. Потребно е учениците да можат да го разграничат „главното и споредното" во сè што читаат, слушаат или гледаат, да ги препознаат елементите на пропагандата или скриените рекламни пораки, да го препознаат имплицитниот и експлицитниот говор на омраза. Преку наставата учениците треба да се оспособат на ефективно користење на информациите и на медиумските содржини и платформи, а преку нивното активно учество на различните социјални медиуми, се очекува тие да дејствуваат одговорно и критички да ѝ пристапуваат на содржината што ја „создаваат".

Во таа насока се воведува образование за медиумска писменост во новите наставни програми со одредени резултати од учењето, содржини, стандарди за оценување и примери на активности со чие постигнување и реализација учениците поодговорно ќе им пристапуваат на медиумите, ќе ги анализираат пораките и ќе ги евалуираат информациите до кои доаѓаат, ќе ги користат информациите што ги добиваат преку медиумите и самите ќе креираат медиумски пораки на безбеден и на одговорен начин.



Во наставните програми од прво до петто одделение на основното образование, изучувањето на медиумската писменост е интегрирано во голем број содржини и активности низ различни наставни предмети. Така, во рамките на наставната програма по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик е развиено одделно подрачје насловено *Медиумска писменост и медиумска култура.*

За успешно постигнување на резултатите од учењето утврдени во ова подрачје од наставната програма, потребно е да се реализираат квалитетни и креативни активности на часовите, преку кои учениците искуствено ќе „се описменуваат" и ќе учат за медиумите и за нивната улога.

Прирачникот за наставници што реализираат настава по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик ќе им помогне на одделенските наставници при планирањето и реализирањето на часовите на кои се разработуваат содржините за медиумска писменост и за медиумска култура. Прирачникот е подготвен за да им биде поддршка и инспирација во работата на наставниците за реализирање успешна и креативна настава.

Секој пример за реализација на активности на часовите се однесува на одредена содржина поврзана со соодветните стандарди за оценување од наставната програма што треба да се постигнат преку активностите на часот. Исто така, наведени се и потребната опрема и средствата за изведувањето на активностите за време на часот.

Примерите на часови се развиени преку активности за воведниот, за главниот и за завршниот дел на часот. Целта на воведните активности е да ги активираат предзнаењата на учениците и да ги воведат во содржината. Најчесто се концепирани преку куси истражувања или водење дискусии за да се објаснат или да се „насетат“ поимите што ќе се разработуваат на часот. Во делот што се однесува на активностите од главниот дел на часот, даден е детален опис на активноста/активностите преку која/кои учениците ќе истражуваат и притоа искуствено ќе учат, како и предлог за начинот на организација на работата на учениците во групи или во парови. Главните активности за часовите во прирачникот нудат широк дијапазон на идеи за учење и за креативно дејствување. Завршните активности, пак, се насочени кон изведувањето заклучоци преку спроведени дискусии. Последниот дел од примерите за часовите е рефлексијата во која се понудени прашања за тоа што научиле учениците, резимирање и поврзување на наученото со нивниот секојдневен живот.

Наставниците може да ги користат примерите за реализација на часовите за медиумска писменост од прирачникот како идеја за активности преку кои ќе се постигнат стандардите за оценување при реализација на горенаведените содржини од наставната програма на македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик и на босански јазик. Активностите може да се преземат онака како што се дадени, може да се приспособат или да се изменат, односно да се модифицираат во согласност со идеите на наставникот, потребите и интересите на учениците и нивното напредување во процесот на учење, расположливите средства за работа, условите во училиштето и сл. Тие претставуваат примери за креативно и за искуствено учење за медиумската писменост според новите наставни програми. Врз основа на овие примери, наставниците лесно може да развијат сценарија за реализација на часовите, во зависност од средината и од условите во кои ја реализираат наставата. Дополнително, интегрираната настава овозможува некои од стандардите и активностите за нивно постигнување да се поврзат и со слични или со сродни содржини опфатени во други предмети.

Се очекува овој прирачник освен што ќе биде поддршка за наставниците при планирањето и реализирањето на наставата, воедно да биде и поттик за уште поголема креативност, мотивираност и ентузијазам во работата.

## Упатство за наставникот/наставничката за користење на Прирачникот за медиумска писменост за IV одделение

Повеќе информации за новите термини и клучни концепти наставникот ќе може да прочита во Поимникот од областа на медиумската писменост, што е дел од овој прирачник. На овој начин, наставникот ќе може да ги приспособи содржините според возраста на учениците и полесно да им ги пренесе со цел тие да ги разберат.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за прво одделение, во подрачјето Медиумска писменост и медиумска култура се опфатени следните:

## Содржини (и поими)

- Информации од различни медиуми
- Офлајн и онлајн реалност (достапност до информации, ажурирање, интерактивност, глобална поврзаност)
- Видеоигрите како вид медиум (видеоигри со акција, авантура, играње улоги, стратегија, симулација, спорт; насилство и агресија, зависност, изолираност, физичка неактивност, забава и релаксација, брзина на реакција, решавање проблеми, креативност)
- Културни настани



На крајот на учебната година за ова подрачје учениците треба да ги постигнат следните:

## Резултати од учењето

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:**

1. да пребарува, да издвојува и да користи информации од различни медиуми;
2. да прави разлика меѓу офлајн и онлајн реалност;
3. да ги објасни придобивките и предизвиците од играњето видеоигри;
4. да ја сфати и да ја пренесе пораката од културен настан (посетен или најавен).

**Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:**

1. негативното влијание од неограничено користење на онлајн медиумите во слободното време.

## Поимник од областа на медиумската писменост[1]

**Медиумски содржини** ↘ Секаков вид материјал што може да се чита или да се гледа онлајн, на телевизија или во печатена форма. Тоа може да биде порака, програма, филм, книга, говор и сл.; се однесува на темата што ја обработува, приказната што ја раскажува или идеите што ги изразува.

**Онлајн реалност** ↘ Реалноста создадена и развиена со помош на интернетот и на дигиталните уреди.

**Видеоигри** ↘ Игри што се играат преку електронски слики продуцирани од компјутерски програми на монитор или на други електронски уреди.



1 Повеќе термини вклучени во овој Поимник се усогласени со Речникот на медиумската писменост што го подготви Институтот за комуникациски студии (2023), како и со „Прирачникот за обучувачи за медиумска писменост: Учиме да распознаваме" подготвен во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат".
Поимникот е наменет за наставниците, а објаснувањето и дефинирањето на поимите, не треба да биде дел од наставата со учениците во одделенска настава.

ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ



# ИНФОРМАЦИИ ОД РАЗЛИЧНИ МЕДИУМИ

(4 часа)



Час 1

## Пронаоѓање информации од различни медиуми

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- пронаоѓа информации од различни медиуми за сопствени потреби/интереси.

**Ресурси за часот:**

- табла/паметна табла или примери во хартиена копија;
- ученички прибор за работа, тетратка.

# Воведен дел од часот

1 Активност

*Од каде ги добиваме потребните информации? (реализација 10 минути)*

Учениците добиваат задача да ја разгледаат огласната табла или веб-страницата каде што се тековните соопштенија на училиштето. На часот разговараат за соопштенијата што ги прочитале. Наставникот ја модерира воведната активност со насочувачки прашања:

Учениците дискутираат по следниве прашања што ги поставува наставникот:

- Кои информации се објавени на огласната табла, а кои на веб-страницата на училиштето?
- На кои теми се однесуваат информациите?
- Каде има објавено повеќе, посодржајни или поразновидни информации – на огласната табла или на училишната веб-страница?

Учениците на крајот на дискусијата резимираат какви информации прочитале на огласната табла и на веб-страницата, за што сè се информирале преку овие канали за информација и на кој канал имало повеќе и посуштински информации.

# Главен дел од часот

1 Активност

*Како се информираме за почетокот на учебната година (реализација 10 минути)*

Учениците работат во двојки. Наставникот го прикажува примерот на соопштение (Прилог 1) на паметната табла (доколку нема таква табла, може да се направат копии на хартија за секоја двојка). Секоја двојка има задача да подготви информација и да ја претстави пред членовите на своето семејство за да ги запознае со деталите на првиот училиштен ден.

Учениците добиваат упатство на кои прашања треба да бараат одговор и кои информации треба да ги пронајдат и да ги запишат:

- Што организира основното училиште „Ј.Х. Песталоци“ за почетокот на новата учебна година?

- ↘ Во колку часот е приемот на првачиња?
- ↘ Каков е распоредот за различните паралелки?
- ↘ Каде ќе се одржи приемот на првачињата?

**2 Активност**

*Информации за театарска претстава (реализација 15 минути)*

Учениците работат во групи. Наставникот ги информира учениците дека ќе одат да гледаат претстава во Театарот за деца и младинци. На паметната табла тој споделува пример за пронаоѓање информации од репертоарот на Театарот за деца и младинци – Скопје (Прилог 2). Учениците треба да ги најдат информациите за оваа претстава, или, пак, сами можат да изберат претстава од репертоарот на театарот што би сакале да ја гледаат и да ги најдат сите потребни информации поврзани со неа. Секоја група собира информации и ги презентира пред соучениците.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Дискусија (реализација 5 минути)*

Учениците дискутираат по насочувачки прашања:

- ↘ Какви настани сакате да посетите?
- ↘ Какви информации најчесто пребарувате поврзани со тие настани?
- ↘ Каде може да ги најдете овие информации, на кои медиуми?
- ↘ На кој начин ги споделувате пронајдените информации на друг – на другарите или на пријателите?

По дискусијата, наставникот и учениците заедно заклучуваат дека кога пребаруваат информации за настани што ги интересираат, вообичаено прво треба да проверат кога и каде се случува настанот. Исто така, наставникот резимира дека полесно се паметат информациите кога се пренесуваат преку некој визуелен формат, како што е слика или видео (на интернет, на ТВ), отколку само преку текст. Учениците ги посочуваат каналите преку кои ги споделуваат информациите – преку разговор, телефон, вибер или други дигитални начини на комуникација.

## Рефлексија

- Што ви беше најинтересно на денешниот час?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## 1 Прилог

**Пример за соопштение**[2]



**СООПШТЕНИЕ ЗА ПРИЕМ НА ПРВАЧИЊАТА**

**ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Драги првачиња, почитувани родители,

Основното општинско училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје ве известува дека на 1 септември ќе организира свечен прием на првачињата во учебната 2022/2023 учебна година, во свечената сала на училиштето.

Приемот ќе се одвива според следниов распоред:

- за учениците од **I-1** и **I-3** одделение - во **9:30** часот
- за учениците од **I-2** и **I-4** одделение - во **11:00** часот.

Наставничкиот колегиум на училиштето со нетрпение ве очекува и ви посакува среќен почеток на новата животна патека, исполнета со другарување, авантури и усвојување нови знаења и животни вештини.

Директор,

Катерина Атанасова

2 Извор: Веб-страница на училиштето

## 2 Прилог

### Театарска претстава „Петар Пан“[3]

- Сцена: **Детска**
- Времетраење: **58 минути**
- Премиера: **13.1.2016** (вторник)
- Возраст: **6+**



Драматизација:
Маја Енчева

Сценографија:
Дилјана Прванова

Костимографија:
Дилјана Прванова

Музика:
Михаил Шишков

Кореографија:
Константин Каракостов

**Играат:**

Ненад Митевски, Наташа Петровиќ, Марија Ѓорѓијоска, Ана Леваjковиќ-Бошков, Винета Дамчевска, Драган Довлев, Предраг Павловски, Мартин Јорданоски, Мики Анчевски, Бојан Кирковски, Избела Новотни, Таа Кочовска и Катерина Илиевска-Силјановска.

Резервации на телефон: 55 3 100 222

| Вторник (13.1.2016) | Среда (14.1.2016) | Сабота (17.1.2016) |
|---|---|---|
| Почеток на претставите: | Почеток на претставите: | Почеток на претставите: |
| 17.30 часот, 19.00 часот | 17.30 часот, 19.00 часот | 13.00 часот, 17.00 часот |

3 Театар за деца и младинци – Скопје: https://www.puppet.com.mk/pretstavi/petar-pan

Час 2

*Издвојува информации од различни медиуми*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- издвојува информации (според дадени барања) прикажани во различни медиуми (телевизија, интернет, списание и сл.).

**Ресурси за часот:**

- табла;
- примери од различни медиуми подготвени во хартиена копија;
- прибор за работа во училиште.

# Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Од каде се информираме? (реализација 5 минути)*

Преку техниката „бура на идеи“, учениците се поттикнуваат да кажат од каде, од кои медиуми тие најчесто добиваат информации за теми што ги интересираат. Потоа наставникот ги прашува што од информациите вообичаено запомнуваат и на кој начин ги бележат или ги зачувуваат информациите што им се важни.

По дискусијата, учениците посочуваат некои од медиумите од кои најчесто се информираат (на пример: Јутјуб, Тикток, Инстаграм, списанија, телевизија итн.). Заедно со наставникот заклучуваат дека информациите што им се важни, ги зачувуваат со запишување, прават фотографија или *скриншот* или ги снимаат на дигиталните уреди.

# Главен дел од часот

1 **Активност**

*Издвојување информации од различни медиуми (реализација 25 минути)*

Учениците се поделени во групи. Секоја група добива различен текст преземен од телевизија, интернет или од списание (Прилог 1, 2 и 3). Под текстот има прашања/барања и учениците имаат насока да побараат и да издвојат конкретни информации во текстот.

***Забелешка:***

*Активноста може да се реализира и со ротирање на различните текстови низ групите во два или три последователни часа.*

**Учениците по читањето на текстот (Прилог 1), треба да ги презентираат следниве информации:**

- Кој настан ќе се одржи во Скопје?
- Кога ќе се одржи настанот и колку учесници ќе настапат?
- Каде и кога ќе се одржуваат натпреварите за медали?
- Колку дена ќе траат натпреварите во џудо?
- Колку пати досега овој настан се одржал во Скопје?
- Колкумина од натпреварувачите се македонски џудисти?
- Кој е изворот/од каде потекнува оваа информација?

**Учениците по читањето на текстот (Прилог 2), треба да ги презентираат следниве информации:**

- Кога ќе почне и кога ќе заврши учебната година?
- Кој ја донесе оваа одлука и на чиј предлог?
- Во кој период ќе биде зимскиот распуст?
- Освен зимски и летен распуст, што е новина од оваа учебна година?
- Во кој период ќе биде пролетниот распуст?

**Учениците по читањето на текстот (Прилог 3), треба да ги презентираат следниве информации:**

- Чии резултати ги надминале двете девојчиња на тестот за интелигенција на МЕНСА?
- Колку години имаат девојчињата и од кои држави се?
- Кој резултат го постигнале на тестот за интелигенција и за колку е тој резултат подобар од резултатот на Ајнштајн?
- Во која област сака да се насочи Тара Шарифи кога ќе порасне?
- Каде живее Сури Ранџан?
- Кога Сури Ранџан научила да игра шах?

Секоја група ги презентира клучните информации што ги издвоиле од текстот, односно тоа што сметаат дека е најважно од прочитаната содржина што ја разгледувале.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Како ги препознаваме клучните/важните информации во медиумските содржини? (реализација 10 минути)*

Наставникот отвора дискусија за важните информации што учениците требаше да ги издвојат од медиумските содржини преку насочувачки прашања:

- Што сметате дека е најважно во текстовите што ги анализиравте (секоја група одговара за текстот што го разгледувала)?
- Зошто сметате дека тие информации се важни за вас или за вашата средина (училиште, град...)?

Наставникот врз основа на одговорите на учениците резимира дека при разгледување на медиумските содржини, треба да ги издвојат најважните информации, како на пример: на кого се однесува веста, што се случило, зошто е тоа важно итн.



## Рефлексија

- Што работевме денес?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## Скопје домаќин на најдобрите европски јуниорски џудисти[4]

25.7.2023

Во учебната 2023/2024 основците и средношколците ќе имаат и пролетен распуст. На денешната седница, Владата, на предлог на Министерството за образование и наука, одлучи учебната година да почне на 1 септември, а првото полугодие да заврши на 29 декември 2023 година.



*Фото: Џудо федерација на Македонија*

Македонската џудо федерација (ЏФМ) за првпат во својата историја од утре до среда во Скопје ќе биде домаќин на Европскиот јуниорски куп во машка и во женска конкуренција, на кој ќе настапат 234 џудисти од 29 држави.

Натпреварите за пласман и медали, како што соопштија организаторите, ќе се одржат во претстојниот викенд во Спортскиот центар „Јане Сандански", а Европскиот џудо куп ќе продолжи до среда со јуниорски камп.

„Овој Европски куп за првпат се одржува во Скопје и искрено се надевам дека во следните шест дена ќе бидеме добри домаќини и центар на џудото во Европа", изјави денеска претседателот на ЏФМ, Владимир Трпаноски.

Селекторот на јуниорската џудо репрезентација Александар Фузевски најави дека на Европскиот куп ќе настапат вкупно 15 македонски џудисти, од кои деветмина се кадети.

4 МРТВ, https://www.mrt.com.mk/node/95019

## 2 Прилог ↘ Издвојување клучни информации од текст

**Учениците ќе користат пролетен распуст од 29 април до 5 мај 2024 година[5]**

25.7.2023

Во учебната 2023/2024 основците и средношколците ќе имаат и пролетен распуст. На денешната седница, Владата, на предлог на Министерството за образование и наука, одлучи учебната година да почне на 1 септември, а првото полугодие да заврши на 29 декември 2023 година.

Од 30 декември учениците ќе користат зимски одмор, а второто полугодие почнува на 22 јануари.

Во периодот од 29 април до 5 мај 2024 година, учениците ќе бидат на пролетен распуст. Учебната година ќе трае до 17 јуни, а летниот одмор почнува на 18 јуни и завршува на 31 август 2024 година.

## 3 Прилог ↘ Издвојување клучни информации од текст



**Две девојчиња подобри од Ајнштајн на тестот на интелигенција на МЕНСА[6]**

Две девојчиња, 11-годишната Тара Шарифи и 13-годишната Суријанџи „Сури" Ранџан, освоиле 162 поена на „Ај кју" тестот за интелигенција на МЕНСА. За два поена тие ги надминаа резултатите на најпаметните луѓе – како Алберт Ајнштајн, Стивен Хокинг и Бил Гејтс. Неверојатниот резултат го надминува прагот на генијалност од 140.

Тара Шарифи доаѓа од Иран. Нејзиниот татко изјавил дека е многу горд на својата ќерка, а знаел дека има висок коефициент на интелигенција, бидејќи секогаш ги одговарала математичките прашања на телевизиските квизови пред натпреварувачите. Тара отсекогаш била паметна, а уште на тригодишна возраст научила да игра шах. Одлуката да го направи тестот била заедничка со нејзините родители, а нејзините соученици биле одушевени од веста. Кога ќе порасне, таа сака да продолжи во некоја насока поврзана со математиката, а со резултатот од тестот за интелигенција со сигурност ќе најде каде да се насочи.

Слична е приказната и на Сури Ранџан. Таа е родена во Мумбај, а сега со своето семејство живее во Лондон. Таа игра шах од четиригодишна возраст, а постигнува неверојатно брзи и точни резултати по математика.

5 Веб-страница на Факултети.мк, https://www.fakulteti.mk/news/25072023/uchenicite-kje-koristat-proleten-raspust-od-29-april-do-5-maj-2024-godina

6 Списание ЛИБИ, септември, 2019, број 24.

## Час 3

# *Користење информации за креирање сопствени содржини*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- користи информации од различни медиуми за да создаде сопствени текстови на дадена тема.

**Ресурси за часот:**

- ученички прибор за работа;
- тетратка;
- белешки од истражување за омилената личност.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Техника „Прозорец“ (реализација 10 минути)*

Учениците добиваат задача да изберат еден нивен омилен лик, на пример: пејач, актер, спортист, јутјубер, писател или слично. Потоа наставникот бара од учениците да го нацртаат избраниот лик.  За оваа активност се користи техниката „*Прозорец*“. При користењето на оваа техника, се црта „двокрилен прозорец“ (лист преклопен на два дела), односно на едната страна се црта лицето на избраниот лик (како изгледа во секојдневниот живот), а во другиот прозорец како изгледа кога ја извршува професијата/спортот или активноста поради која се истакнува и поради која ученикот/ученичката го  избрал (на пример, на едната страна на прозорецот е претставен само ликот на спортистот, а на другата страна кога е облечен во дрес на клубот за кој игра).

Оваа активност ќе им помогне да го визуализираат ликот што го избрале и неговата професија или талент, што претставува вовед во главниот дел од часот кога ќе треба да напишат краток текст за него.



## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Мојот херој (реализација 20 минути)*

Учениците работат во групи и секоја група треба да напише текст за една личност, која заеднички ќе ја изберат од нацртаните во прозорците, во воведниот дел од часот. Наставникот им дава насоки да приберат информации на интернет за конкретната избрана личност и да подготват белешки. Текстот што ќе го напишат за избраната личност, треба да опишува неколку настани од животот на личноста (неговиот живот по хронолошки редослед, некој познат настан што се врзува со личноста, град, година, клуб или најинтересните/највпечатливите моменти од неговиот живот). Учениците добиваат упатство за начинот на кој треба да пишуваат што се поставува на табла пред учениците  или се подготвува работен лист:

- краток вовед со две реченици за најзначајните работи поврзани со личноста за која пишуваат;

- главен дел во кој се опишува патот на успехот на личноста, два-три интересни настани од животот, по хронолошки редослед;
- заклучок – зошто ја избрале оваа личност за својата презентација.

На крајот секоја група го чита/презентира подготвениот текст за избраната личност.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Како доаѓаме до важните информации? (реализација 10 минути)*

Учениците со помош на прашања од наставникот објаснуваат како го подготвиле текстот:

- Како ги добивте потребните информации за личноста?
- Дали кога баравте информации, наидовте на различни и спротивни информации за иста личност или за ист настан?
- Зошто одбравте да го направите токму тој избор (на информации)?

Дискусијата треба да наведува на заклучок дека учениците треба да бидат свесни дека за пишување одреден текст, потребни се информации што се добиваат од различни извори, кои потоа треба да се подредат според дадена структура.

**Рефлексија**

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

Час 4

*Користење информации за создавање сопствени текстови*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- користи информации од различни медиуми за да создаде сопствени текстови на дадена тема.

**Ресурси за часот:**

- табла;
- ученички прибор;
- тетратка;
- работен лист со текст.

# Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Дискусија за климатските промени (реализација 10 минути)*

Учениците гледаат фотографии (Прилог 1) и дискутираат за секоја од нив. Наставникот поставува прашања:

- Дали сте виделе вакви фотографии и претходно?
- Каде ги имате видено?
- Дали се сеќавате на некоја информација што зборува за вакви состојби во природата?
- Дали знаете нешто за природните непогоди?
- Дали знаете што се тоа климатски промени?

Учениците заклучуваат дека во медиумите можат да се најдат многу информации поврзани со природните појави и климата (високи температури, врнежи, пожари, торнада, поплави и слично) што настануваат како резултат на климатските промени.



# Главен дел од часот

1 **Активност**

*Пишуваме текстови за климатските промени (реализација 20 минути)*

Учениците се поделени во три групи. Секоја група добива различен текст (Прилог 2, 3, 4), во кој се зборува за некоја тема што е поврзана со екологијата или со климатските промени. Учениците ги читаат добиените текстови што треба да им послужат како подготовка за темата, а потоа добиваат задача самите да напишат краток текст на истата тема. Доколку во училницата има дигитални уреди (лаптоп, таблет) и интернет, наставникот ги поттикнува да истражуваат на темата што ја добиле и да соберат повеќе информации од неколку различни извори. Учениците треба да напишат текст следејќи ги насочувачките прашања што им ги посочува наставникот.

Учениците во секоја група одделно треба да се раководат од следните насочувачки прашања при пишувањето на текстот:

**Група 1/Тема 1: Светскиот ден на водите (Прилог 2):**

- За кој основен природен ресурс станува збор во текстот?
- Што претставува водата за човекот и за природата?
- Кој треба да соработува за да се одржи водата како основен ресурс?
- Што влијае врз влошување на состојбата со водата?
- Каква е состојбата кај нас?
- Каде се губи водата? До што може да доведе тоа?

**Група 2/Тема 2: Влијанието на климатските промени врз животинскиот свет (Прилог 3)**

- Кои животни хибернираат, односно имаат зимски сон?
- Поради што тие ја прескокнуваат хибернацијата?
- Поради што вообичаено мечките одат во хибернација?
- Во кои делови од Земјината топка?
- Зошто тоа сега се менува?



**Група 3/Тема 3: Која е Грета Тунберг? (Прилог 4)**

- Која е Грета Тунберг?
- По што е позната?
- Која е нејзината најголема грижа?
- Што мисли твојата група за климатските промени?
- Како може секој да придонесе за надминување на проблемите со климатските промени?

Погледнете ги двата постера (на линковите)[7] и направете своја порака со која ќе повикате на совеста на граѓаните. Откако секоја група ќе го подготви текстот, по еден претставник го презентира подготвениот текст. Потоа, учениците дискутираат за тоа од кои извори користеле информации за да направат свој текст и ги посочуваат оние што ги користеле во задачата. Наведуваат и кои извори можат да ги користат во друга ситуација (електронски – веб-сајтови, блогови, плакати, пишани текстови од весници, слушнати или гледани емисии и слично).

---

7 Извор: https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/1bbb503c30a56b30f0f90b443883ed300fdc29c0e6ab4838d810d11d226ed93f.pdf; https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/fe8afdf2b867ce78d92f6b5a39842c8ff6b31d6b88b5287dfba549d039e219af.pdf

# Завршен дел од часот

1 **Активност**

*Пронајдете ги зборовите и поимите (реализација 10 минути)*

Учениците работат во групи и бараат поими во наведената табела (Прилог 5). Претставник од секоја група треба да ги прочита зборовите/изразите што произлегуваат од претходните активности на часот, а соучениците од неговата група ги нашле.

**Рефлексија**

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## 1 Прилог

### Фотографии за климатските промени[8]





## 2 Прилог

### Светски ден на водата: Не се работи доволно за да се зачува најскапоцениот ресурс9

22 март 2024

Пишува: Антонија Поповска

Пристапот до вода за пиење е човеково право. Постои итна потреба да работиме заедно за да го заштитиме и да го зачуваме нашиот најскапоцен ресурс. Соработката за вода го отвора патот за соработка на сите заеднички предизвици – мора да ја користиме водата како алатка за да создадеме помирен и попросперитетен свет за сите. Ова е наведено во соопштението на Институтот за јавно здравје (ИЈЗ), по повод 22 март, Светскиот ден на водата.

„На локално и на национално ниво, различни корисници на вода, особено водоводни претпријатија, енергија, храна и индустрија, мора да соработуваат преку интегриран пристап за управување со водните ресурси и да промовираат кружна економија што

8 Извор: Веб-страница Црно бело, https://www.crnobelo.com/novosti/nauka/68183-klimatskite-promeni-zakana-za-chovechkata-civilizacija-koja-mozhe-da-se-unishti-do-2050-ta

9 Извор: https://meta.mk/svetski-den-na-vodata-ne-se-raboti-dovolno-za-da-se-zachuva-najskapoceniot-resurs/

ги исполнува човековите права на луѓето. Од друга страна, влијанијата на климатските промени поврзани со водата се влошуваат, а и растечката глобална популација поставува зголемена побарувачка на конечен ресурс.

Мета.мк минатата година објави дека наместо да ја користат граѓаните или компаниите, најголемото количество од водата за пиење во Македонија се губи во водоводните системи на јавните претпријатија. Загубите на вода за пиење во услови на непредвидливите климатски промени со кои се соочува земјава не се сфаќаат сериозно, што, пак, може во иднина да доведе до сериозни проблеми со водоснабдувањето во некои општини.

## 3 Прилог

**Поради климатските промени мечките сè почесто го прескокнуваат зимскиот сон**[10]



Фото: Image by Robert Balog from Pixabay

Поради интензивните климатски промени и зголемувањето на температурите, мечките почесто ја прескокнуваат зимската хибернација и остануваат активни во текот на годината, што влијае врз нивниот животен циклус, изјави за ФоНет Неда Богдановиќ, истражувач на Биолошкиот факултет на Универзитетот во Белград, пренесе Н1. Таа објаснува дека мечките, како и некои други помали цицачи, одат во хибернација поради падот на телесната температура во текот на зимата, како и поради недостиг на храна. „Онаму каде што зимските периоди се многу студени, како што е северот на Европа, Северна Америка, мечките обично одат во хибернација, но во Шпанија често е забележано дека мечките главно не хибернираат, бидејќи и зимите не се толку силни", вели Богдановиќ. Од друга страна, поради климатските промени, има сè повеќе области, особено во Европа, каде што мечките се постојано активни или, што е многу почесто, ја прекинуваат хибернацијата, активни се некое време, а потоа се враќаат во хибернација.

10 Извор: https://meta.mk/poradi-klimatskite-promeni-mechkite-se-pochesto-go-preskoknuvaat-zimskiot-son/

**4 Прилог**

**Која е Грета Тунберг?[11]**




Грета Тунберг е шведска активистка за заштита на животната средина, која се здоби со важност и популарност поради нејзините напори за борба против климатските промени.

Почнувајќи од 2018 година, на 15-годишна возраст, таа почна да го прескокнува училиштето за да протестира пред шведскиот парламент, барајќи посилна акција за климатските промени.

Нејзиниот активизам инспирираше глобално движење и оттогаш таа зборува на различни меѓународни форуми, вклучувајќи го и самитот на Обединетите нации за климатски активности во 2019 година.

11 Извор: https://www.crnobelo.com/zabava/interesno/101779-malala-jusafzai-i-ushte-4-deca-shto-go-promenija-svetot

## 5 Прилог

**Пронајди ги зборовите и поимите со кои се запознавте на часот**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| И | Б | Ш | Н | Ј | А | Л | Н | О |
| Н | И | Т | П | О | А | В | И | Т |
| Ф | Ј | Н | С | П | П | Г | Ф | А |
| О | И | А | Т | Р | Е | А | М | Б |
| Р | Б | О | Е | Е | Б | У | У | Л |
| М | П | Р | К | Ј | Р | О | И | Е |
| А | Т | О | С | Г | М | Н | Д | Т |
| Ц | А | В | Т | Д | Љ | | Е | Ф |
| И | Б | З | Б | Л | О | Г | М | Т |
| Ј | Л | И | Њ | Е | Р | Т | Ѕ | У |
| А | А | К | В | Е | С | Н | И | К |

**Изрази, зборови што треба да се пронајдат во табелата:**

медиум, лаптоп, информација, текст, интернет, извор, блог, весник, онлајн, табла.

# ОНЛАЈН И ОФЛАЈН РЕАЛНОСТ

(1 час)

Час 1

# Разлики меѓу онлајн и офлајн реалноста

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката

- ги наведува и ги објаснува (преку пример) разликите меѓу офлајн и онлајн реалноста во начинот на комуникација и пристапот до информации;
- ги наведува и ги објаснува (преку примери) предностите на онлајн содржините.

## Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Дали е полесно да се комуницира онлајн? (реализација 10 минути)*

Наставникот на таблата ја испишува следната реченица:

*„Мислам дека е многу полесно да се кажат некои работи онлајн, затоа што си зад екранот и не го гледаш соговорникот во очи.“*

Потоа ги прашува учениците дали се согласуваат со оваа реченица или не, при што треба да дадат објаснување за својот став. Учениците продолжуваат со дискусија на следните прашања:

- Дали повеќе верувате на нешто што ќе го слушнете/прочитате од пријателите онлајн или во реалноста?
- Дали ги сметате за поблиски другарите што ги имате во реалноста или оние што ги познавате само на социјалните мрежи?

## Главен дел од часот

1 **Активност**

*Разлики меѓу комуникацијата во живо и онлајн (реализација 20 минути)*

Наставникот/наставничката ги поттикнува учениците да дискутираат за разликите меѓу комуникацијата онлајн и во реалноста. Тој/таа ја дели таблата на две колони во кои пишува: реален живот (офлајн реалност) и онлајн реалност. Потоа ги поттикнува учениците да објаснат како комуникацијата онлајн е поинаква од онаа во реалниот живот. Учениците на жолти ливчиња запишуваат по три карактеристики на онлајн и три на офлајн комуникацијата.

## 1 Пример

**Реален живот:**

- Во реалноста може да гушнеш некого доколку е тажен.
- Во реалноста можеш да направиш „да пукне“ со некого и да се израдуваш за победата на вашиот тим.
- Во реалноста е побезбедно да споделиш тајна со некого.

**Онлајн реалност:**

- Во онлајн просторот можеш да пратиш честитка за роденден, брзо и без да црташ.
- Во онлајн просторот понекогаш може да ти пишува некој друг наместо оној што се претставува.
- Во онлајн просторот тоа што ќе му го кажеш некому, многу брзо може да се пренесе до некој друг или до повеќемина.

Наставникот ги чита запишаните карактеристики и со помош на учениците ги подредува во соодветната колона.





# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Позитивни и негативни ефекти на комуникацијата во живо и онлајн (реализација 10 минути)*

Учениците работат во парови и секој пар треба да издвои три позитивни и три негативни ефекти на комуникацијата во живо и во онлајн светот. Потоа, секој пар ги презентира размислувањата. Низ заедничка дискусија заклучуваат дека онлајн реалноста има многу предности, какви што се брзината на комуникација или брзиот и едноставен пристап до информации за сите, забава, но за разлика од реалниот живот има и недостатоци: нема социјализација и другарување како во реалниот живот, создавање лажни профили и пријателства, онлајн булинг и навреди итн. Заедно резимираат дека онлајн реалноста е неизоставен дел од нашето секојдневие, но дека не може да го замени реалниот живот и контактот меѓу луѓето.

## Рефлексија

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?



# ВИДЕОИГРИТЕ КАКО ВИД МЕДИУМ

(1 час)



**Час 1**

# *Позитивните и негативните страни на видеоигрите*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ги наведува и ги објаснува (преку примери) позитивните страни на играњето видеоигри;
- ги наведува и ги објаснува (преку примери) негативните ефекти од играњето видеоигри.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Видеоигрите и слободното време (реализација 10 минути)*

Учениците добиваат задача да напишат на лист три различни активности што сакаат да ги прават во слободното време. Потоа ги презентираат и кажуваат зошто. Наставникот им кажува да кренат рака оние ученици што на листот ја имаат напишано активноста играње видеоигри како дел од омилените активности. Учениците треба да ги наведат омилените видеоигри и да кажат колку време во текот на денот поминуваат со оваа активност.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Позитивни и негативни ефекти од видеоигрите (реализација 20 минути)*

Учениците работат индивидуално и преку техниката „*Работа за минута*" треба да запишат пример за една до две видеоигри што ги играат. Кога ќе ги запишат игрите, следува нивна анализа преку насочувачки прашања што ги поставува наставникот/наставничката:

- Каков тип видеоигра е таа што ја посочивте (спорт, едукација, акција, решавање проблем, совладување вештини...)?
- Какви правила постојат во видеоиграта/како треба да играте/што треба да направите?
- Зошто се важни овие правила?
- Дали правилата на играта можат да се применат и во реалниот свет?
- Која е целта на играта – позитивна или негативна, дали бара од вас да правите позитивни или негативни работи?
- Дали доколку бара да правите негативни работи, сепак ја играте?
- Колку време поминувате играјќи видеоигри?

Наставникот отвора дискусија за тоа кои карактеристики на видеоигрите се добри/позитивни, а кои се негативни. Во согласност со одговорите ги извлекуваат заклучоците, при што на табла ги запишуваат позитивните и негативните карактеристики на видеоигрите.

На крајот од дискусијата заклучуваат дека видеоигрите можат да имаат позитивни и негативни страни. Позитивните ефекти на играњето видеоигри можат да вклучуваат: поистоветување со позитивни карактери, учење нови работи и забава, развивање креативност, брзина на рефлекси и координација, соработка со други играчи за да се дојде до заедничка цел итн. Негативните ефекти на видеоиграта може да се однесуваат на премногу време поминато со оваа активност, незаинтересираност за исполнување други обврски и дружење со другарите во реалниот живот, зависност, видеоиграта може да има негативни цели (убивање, пукање), да ги вознемирува и да ги плаши учениците итн.

# Завршен дел од часот

1 **Активност**

*Дискусија за влијанието на видеоигрите (реализација 10 минути)*

На крајот од часот учениците треба да проверат колку и на кој начин видеоигрите имаат влијание врз нив (Прилог 1). Разговараат за своите одговори – дали и колку играат, што добиваат од играта, дали играат сами или се вмрежуваат и сл.

**Рефлексија**

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

1 Прилог

**Влијанието на видеоигрите**

Прочитај го исказот во првата колона, а потоа избери го одговорот од неколкуте понудени можности.

| Исказ | Одговор 1 | Одговор 2 | Одговор 3 |
|---|---|---|---|
| **Играм видеоигри...** | секој ден (наведи по колку часа на ден?) | кога имам време (наведи по колку часа на ден?) | никогаш |
| **Кога играм, се чувствувам...** | расположено | исто како и кога не играм | нервозно |
| **Играм видеоигри...** | сам | мрежно | некогаш сам, некогаш мрежно |
| **Најчесто играм на...** | компјутер | телефон | плејстејшн |
| **Од игрите учам нови работи...** | да (со еден збор наведи што ново си научил) | Не | не знам |

# КУЛТУРНИ НАСТАНИ

(2 часа)

Час 1

*Културни настани*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ја објаснува содржината и идејата на културен настан на кој присуствувал/а;
- искажува свое мислење за културен настан на кој присуствувал/а и дава образложение зошто така мисли.

**Ресурси за часот:**

- ученички прибор за работа;
- тетратка;
- постер/леток потсетник за посетениот настан;
- блок и боички.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Културен настан во училиштето (реализација 10 минути)*

Учениците треба да се потсетат на некој културен настан на кој неодамна присуствувале – приредба, неодамнешен концерт на фолклорен ансамбл, промоција на книга, саем на книга, посета на театарска претстава, изложба или слично – што се случил во училиштето или бил дел од училишните активности. За настанот е добро да се потсетат преку постер/леток, вест, информација на веб-страницата или на огласната табла на училиштето, или, пак, наставникот може да ги потсети преку насочувачки прашања (во зависност од настанот на кој присуствувале).

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Претставуваме културен настан (реализација 20 минути)*

Учениците имаат задача да подготват текст за посетениот настан објаснувајќи ја неговата содржина и идеја по насоки од наставникот:

- со една реченица учениците треба да опишат за што станувало збор на настанот;
- треба да посочат една клучна информација што се однесува на настанот;
- треба да издвојат една работа/една клучна информација што најмногу им оставила впечаток.

Учениците ги презентираат напишаните текстови и посочуваат една клучна реченица како препорака или впечаток од посетениот настан. Секој ученик кажува дали му се допаднал настанот на кој присуствувал и објаснува зошто. Наставникот може да ги мотивира со дополнително прашање: ми се допаѓа затоа што/не ми се допаѓа затоа што...

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Посетениот настан претставен преку цртеж (реализација 10 минути)*

Учениците треба да нацртаат цртеж, преку кој ќе го претстават својот впечаток од културниот настан што го посетиле. Можат да нацртаат највпечатлива сцена или лик што им останал најмногу во сеќавање. Секој од учениците, на крајот од часот го претставува и го објаснува својот цртеж пред соучениците.

## Рефлексија

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## Час 2

# Креираме покана/постер за настан

### Стандард за оценување

Ученикот/ученичката:

- креира покана/рекламен постер за културен настан во училиштето или во заедницата.

### Ресурси за часот:

- табла;
- ученички прибор;
- хамер;
- хартија во боја;
- боички, фломастери, колаж;
- илустрации;
- интернет;
- лаптоп.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Подготовки за креирање медиумски содржини (реализација 5 минути)*

Учениците заедно со наставникот избираат да направат постер за еден настан што ќе се организира во рамките на училиштето (патронен празник, приредба, спортски натпревар, еколошка акција и слично).

Учениците дискутираат околу тоа какви информации им се потребни за да го направат постерот. Заклучуваат дека пред да почнат со креирање на постерот, треба да се информираат, односно да истражат што повеќе информации за настанот (што ќе се случува, кога, каде, кој е организатор на настанот, зошто се организира настанот).

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Креираме постер (реализација 25 минути)*

Учениците работат во групи. Наставникот им објаснува дека содржината што ја изработуваат треба да биде претставена на хамер, а за подготовка на постерот можат да користат различни материјали. Доколку имаат таква можност во училницата (лаптоп, таблет, компјутер и интернет), учениците можат да ги изработат медиумските содржини и со некоја дигитална алатка, на пример, Канва или Анимото, кои се користат за подготовка на видеа.

Наставникот им посочува дека при подготовка на постерот, треба да ги имаат предвид следните елементи:

- што сакаат да промовираат/за што сакаат да информираат;
- кому ќе биде наменет постерот;
- избирање наслов;
- кои информации треба да стојат на постерот (кој, што, кога, каде, зошто);
- соодветни илустрации што ќе бидат во согласност со настанот на кој се однесува постерот (слики, фотографии, цртежи итн.);
- материјали од кои ќе го направат постерот.

Секоја група избира еден претставник што ќе го презентира изработениот постер и ќе објасни која е целта или темата, за кого е наменет постерот, зошто го избрале тој наслов и таа порака за својот постер.

Низ дискусија учениците зборуваат што научиле за време на изработката и истакнуваат што според нив е важно да биде прикажано преку текст, а што преку илустрација за да биде пораката јасна. На крај на часот учениците предлагаат каде треба да биде поставен изработениот постер, со цел да биде забележлив и неговата порака да има најголем ефект врз публиката за која е наменет.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Каков ефект има нашиот постер? (реализација 10 минути)*

Изработените постери се поставуваат на изложбеното пано во училницата. Учениците разговараат за ефектите што треба да ги има постерот врз учениците и врз другите луѓе што ќе го видат. Заедно со наставникот заклучуваат дека постерот првенствено треба да ги информира луѓето и да ги привлече да присуствуваат на некој настан, може да ги едуцира за некоја важна тема на која се однесува настанот, или дури да ги поттикне на активности за понатамошно дејствување поврзано со темата на културниот настан (како, на пример, да се напише информација за претставата во новинарската секција, да се подготвуваат повеќе слични културни настани, да се изработат серија постери на темата итн.).

**Рефлексија**

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?